20242073564

## КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 427 ства (1), член 438 алинеја 9) од Законот за финансиски инструменти („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 66/2024), член 63 став (7) и член 64 став (4) од Законот за проспекти и обврски за транспрентност за издавачите на хартии од вредност („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 64/2024) Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 4.10.2024 година донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА СОДРЖИНАТА НА ИЗВЕСТУВАЊЕТО ЗА ЗАВРШУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ПОНУДА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ И НА ИЗВЕСТУВАЊЕТО ЗА ИСХОДОТ ОД ЗАПИШУВАЊЕТО

Член 1

Со Правилникот за содржината на известувањето за завршување на јавната понуда на хартии од вредност и на известувањето за исходот од запишувањето (во понатамошниот текст: Правилник) се уредува содржината на: известувањето за завршување на јавната понуда на хартии од вредност по основ на постигнат минимален праг на успешност утврден со проспектот (затворање на јавната понуда), содржината на известувањето за запишани и платени хартии од вредност при јавна понуда (исходот од запишувањето), на известувањето за реализација на јавна понуда на хартии од вредност и на известувањето до инвеститорите за постапката за враќање на уплатените средства при неуспешна јавна понуда.

## I – Известување за завршување на јавната понуда на хартии од вредност по основ на постигнат минимален праг на успешност-процент на реализација утврден во проспектот (затворање на јавната понуда)

Член 2

(1) Во случај на затворање на јавната понуда на хартии од вредност по основ на постигнат минимален праг на успешност утврден во проспектот издавачот е должен до Комисијата за надзор на пазарот на капитал (во понатамошниот текст: Комисија) да достави писмено известување за затворање на јавната понуда на хартии од вредност по основ на постигнат минимален праг на успешност-процент на реализација утврден во проспектот (известување за затворање на јавната понуда) и истото да го објави во јавноста најмалку 15 календарски дена пред денот кој издавачот го определува како ден на завршување на јавната понуда.

(2) Известувањето од став (1) на овој член се поднесува до Комисијата и се објавува во согласност со член 53 од Законот исклучиво во форма и содржина утврдена со образецот од Прилог 1 од овој Правилник.

(3) Образецот од Прилог 1 задолжително ги содржи сите пропишани податоци и треба да е испишан електронски, уредно, читливо, без корекции, да е потврден со печат на издавачот и потпис на лицето/лицата што го застапува/ат издавачот.

(4) Известувањето од став (1) и став (2) на овој член до Комисијата може да се поднесе во електронска форма потпишано со квалификуван дигитален сертификат.

(5) Доколку известувањето се поднесува во електронска форма потпишано со квалификуван дигитален сертификат, не е потребно да содржи печат на издавачот.

Член 3

Издавачот во известувањето од член 2 од овој Правилник е должен да го определи датумот кој ќе се смета како ден за завршување на јавната понуда. Денот за завршување на јавната понуда не може да биде определен на датум пред истекот на рокот од 15 календарски дена од објавувањето на известувањето, како и на датум пред истекот на рокот за користење на правото на првенство на запишување и на купување на хартии од вредност што го имаат акционерите на издавачот, во случај на издавање на хартии од вредност кои даваат право на првенство на запишување.

Член 4

Известувањето од член 2 од овој Правилник ги содржи следните податоци:

1.Број на решение издадено од Комисијата со кое се одобрува проспектот за јавната понуда;

2.Редослед на емисијата на хартии од вредност, во случај на издавање на нови хартии од вредност;

3.Датум и место на објавување на проспектот за јавната понуда на хартии од вредност;

4.Апсолутна вредност на продадените хартии од вредност од јавната понуда, вкупно и по видови, родови и класи на хартии од вредност, до денот на објавување на известувањето за затворање на јавната понуда;

5.Релативна вредност (процент) на реализација на јавната понуда на хартии од вредност, вкупно и по видови, родови и класи на хартии од вредност до денот на објавување на известувањето за затворање на јавната понуда;

6.Последен ден на кој ќе се примаат уплати односно датум (ден, месец и година) на кој јавната понуда на хартии од вредност ќе биде затворена.

Член 5

Во прилог кон известувањето од член 2 од овој Правилник, до Комисијата издавачот или понудувачот доставува извод од посебната сметка на издавачот на која се примени уплатите за понудените хартии од вредност, како доказ дека е постигнат минималниот праг на успешност утврден во Проспектот од страна на издавачот (процент на реализација).

II – Известување за исходот од запишувањето хартии од вредност

Член 6

(1) По завршување на јавната понуда на хартии од вредност, а најдоцна во рок од 10 календарски дена од завршувањето на јавната понуда односно од истекот на рокот за реализација на понудата, издавачот или понудувачот на хартиите од вредност е должен до Комисијата да достави писмено известување за запишани и платени хартии од вредност од јавна понуда (известување за исходот од запишувањето).

(2) Известувањето од став (1) на овој член се поднесува до Комисијата за надзор на пазар на капитал и се објавува согласно со член 53 од Законот во форма и содржина утврдена со Прилог 2, кој е составен дел на овој Правилник.

(3) Известувањето од став (1) и став (2) на овој член до Комисијата може да се поднесе во електронска форма потпишано со квалификуван дигитален сертификат.

(4) Доколку известувањето се поднесува во електронска форма потпишано со квалификуван дигитален сертификат, не е потребно да содржи печат на издавачот.

Член 7

Известувањето од член 6 на овој Правилник ги содржи следните податоци:

1.Број на решение издадено од Комисијата со кое се одобрува проспектот за јавната понуда;

2.Редослед на емисијата на хартии од вредност, во случај на издавање нови хартии од вредност;

3.Апсолутна вредност (износ) на продадените хартии од вредност од јавната понуда по видови, родови и класи на хартии од вредност;

4.Релативна вредност (утврден минимален праг на успешност) на реализација на јавната понуда на хартии од вредност по видови, родови и класи на хартии од вредност;

5.Број на продадени хартии од вредност, вкупно и по одделни видови, родови и класи;

6.Број на продадени хартии од вредност по основ на користење на правото на првенство за запишување акции од акционерите на издавачот, во случај на издавање хартии од вредност кои даваат право на првенство на запишување;

7.Датум и место на објавување на проспектот за јавната понуда на хартии од вредност.

Член 8

Во прилог кон известувањето од член 6 од овој Правилник, до Комисијата за хартии од вредност издавачот или понудувачот доставува извод од сметката на која се примени уплатите на средства за запишаните хартии од вредност.

III – Известување за реализација на јавна понуда на хартии од вредност

Член 9

(1) По уписот на зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар на Централниот регистар на Република Северна Македонија и по регистрацијата на хартиите од вредност во овластен депозитар, издавачот или понудувачот на хартиите од вредност е должен веднаш, но не подоцна од 5 работни дена од уписот на хартиите од вредност во овластен депозитар до Комисијата да достави соодветен доказ од централниот регистар и доказ од овластениот депозитар, како и известување за реализација на јавната понуда на хартии од вредност во форма и содржина утврдена со Прилог 3 кој е составен дел на овој Правилник.

(2) Известувањето од став (1) на овој член се поднесува до Комисијата за надзор на пазар на капитал исклучиво во форма и содржина утврдена со пропишаниот образец од Прилог 3, кој е составен дел на овој Правилник.

(3) Образецот од Прилог 3 задолжително ги содржи сите пропишани податоци и треба да е испишан електронски, уредно, читливо, без корекции, да е потврден со печат на издавачот и потпис на лицето/лицата што го застапува/ат издавачот.

(4) Известувањето од став (1) и (2) на овој член до Комисијата може да се поднесе во електронска форма потпишано со квалификуван дигитален сертификат.

(5) Доколку известувањето се поднесува во електронска форма потпишано со квалификуван дигитален сертификат, не е потребно да содржи печат на издавачот.

Член 10

Известувањето за реализација на јавна понуда на хартии од вредност од член 9 на овој Правилник од страна на издавачот треба задолжително да содржи:

1.Број и датум на решението издадено од Комисијата со кое се одобрува проспектот за јавната понуда;

2.Датум на добивање на решението за одобрување на проспектот за јавната понуда на хартии од вредност;

3.Редослед на емисијата на хартии од вредност, во случај на издавање на нови хартии од вредност;

4.Датум и место на објавување на проспектот за јавна понуда;

5.Датум и место на објавување на известувањето за бројот на запишаните и уплатени хартии од вредност по основ на користење на правото на првенство за запишување акции од акционерите на издавачот, во случај на издавање на хартии од вредност кои даваат право на првенство на запишување;

6.Датум и место на објавување на известувањето за запишани и платени хартии од вредност од јавна понуда;

7.Апсолутна вредност (износ) на продадените хартии од вредност од јавната понуда, вкупно и по видови, родови и класи на хартии од вредност;

8.Релативна вредност (утврден минимален праг на успешност во проспектот) на реализација на јавната понуда на хартии од вредност, вкупно и по видови, родови и класи на хартии од вредност;

9.Број на продадени хартии од вредност по основ на користење на правото на првенство за запишување што го имаат акционерите на издавачот, во случај на издавање на хартии од вредност кои даваат право на првенство на запишување;

10.Број на вкупно продадени хартии од вредност, вкупно и по одделни видови, родови и класи;

11. Цена на хартиите од вредност во јавната понуда;

12. Минимален праг на успешност на јавната понуда утврден од издавачот и објавен во Проспектот;

13.Права кои ги носат продадените хартии од вредност;

14.Временски период, датум на првата уплата и датум на последната уплата, во кој се примени уплатите за хартиите од вредност од акционерите кои го искористиле правото на првенство на запишување на хартии од вредност, во случај на издавање на хартии од вредност кои даваат право на првенство на запишување;

15.Временски период, датум на првата уплата и датум на последната уплата, во кој се примани уплатите за хартиите од вредност, по истекот на периодот на користење на правото на првенство на запишување на нови хартии од вредност;

16.Датум на пријавување за упис во Трговскиот регистар на Централниот регистар на Република Северна Македонија на зголемувањето на основната главнина, во случај на издавање на нови акции;

17.Датум на Решение од Трговскиот регистар на Централниот регистар на Република Северна Македонија за упис на зголемувањето на основната главнина, во случај на издавање на нови акции;

18.Датум на пријавување на хартиите од вредност за упис во овластениот депозитар;

19.Датум на упис во овластениот депозитар;

20.Апсолутна вредност (износ) на основната главнина по реализација на емисијата на хартии од вредност, во случај на издавање на нови акции;

21. Изјава за успешност на понудата;

22.Состојба на основната главнина по реализацијата на емисијата на хартии од вредност по родови акции, во случај на издавање на нови акции.

IV – Известување до инвеститорите за постапката за враќање на уплатените средства при неуспешна јавна понуда

Член 11

(1) Доколку во рокот за запишување и уплата на хартиите од вредност не е постигнат минималниот праг утврден во проспектот, јавната понуда се смета за неуспешна, а сите запишувања на хартиите од вредност се поништуваат и сите примени уплати за хартиите од вредност се враќаат на инвеститорите во рок од еден месец од известувањето за исходот од запишувањето односно за бројот на запишаните и уплатените хартии од вредност (процентот на реализација на емисијата).

(2) Во случајот од ставот (1) на овој член, по истекот на рокот за реализација на јавната понуда на хартии од вредност, а најдоцна во рок од 10 календарски дена од завршувањето на јавната понуда, издавачот или понудувачот на хартиите од вредност е должен заедно со Известувањето од член 6 од овој Правилник да објави и Известување до инвеститорите со кое ќе ги извести за постапката за враќање на уплатените средства.

(3) Известувањето од став (2) на овој член се поднесува до Комисијата и се објавува согласно со член 53 од Законот во форма и содржина утврдена со Прилог 4, кој е составен дел на овој Правилник.

(4) Известувањето од ставовите (2) и (3) на овој член до Комисијата може да се поднесе во електронска форма потпишано со квалификуван дигитален сертификат.

(5) Доколку известувањето се поднесува во електронска форма потпишано со квалификуван дигитален сертификат, не е потребно да содржи печат на издавачот.

V – Завршни одредби

Член 12

(1) Прилозите од 1 до 4 се составен дел на овој Правилник и Комисијата ги објавува на својата веб страна.

(2) Со денот на примена на овој Правилник престанува да важи Правилникот за содржината на известувањето за затворање на јавната понуда на хартии од вредност и на известувањето за исходот на јавната понуда на хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр.90/2021),

(3) Овој Правилник влегува во сила осум дена од денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се применува од денот на почнување на примена на Законот за проспекти и обврски за транспарентност за издавачите на хартии од вредност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.64/2024).

Бр. 01-619/1
4 октомври 2024 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.